# „Кој ќе му нанесе неправда на својот брат – било поврзана со неговата чест или со нешто друго – нека побара халал од него уште денес, пред да дојде Денот кога нема да користи ни динарот ни дирхемот

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој ќе му нанесе неправда на својот брат – било поврзана со неговата чест или со нешто друго – нека побара халал од него уште денес, пред да дојде Денот кога нема да користи ни динарот ни дирхемот. Ако има добри дела, ќе му се земе од нив според големината на неправдата што ја направил. А ако нема добри дела, ќе се земе од лошите дела на неговиот брат и ќе му се натоварат нему.“

[صحيح] [رواه البخاري]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, наредил секој што му направил неправда на својот брат муслиман – било поврзано со неговата чест, имот или живот – да побара од него прошка уште додека е на овој свет. Тоа треба да се направи пред да настапи Судниот ден, кога ниту златниот динар ниту сребрениот дирхем нема да му помогнат на човек да се откупи од оној кому му направил неправда, бидејќи тогаш пресметката ќе се врши со добрите и лошите дела: – од добрите дела на неправедникот ќе му се даде на оној што бил угнетен, според големината на неправдата; – а ако неправедникот нема добри дела, тогаш од лошите дела на угнетениот ќе се префрлат врз него, според мерката на направената неправда.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee